**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | **Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард** |
| Министерство: | **Министерство за образование и наука** |
| Лице за контакт/одговорно лице: | **Министер, м-р Панче Кралев** |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | **декември 2012** |
| Поврзаност со ЕУ директиви | **Нема** |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

Кои се главните проблеми?

Со започнувањето на примената на Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија" бр.52/2005, 117/2008, 17/2011 и 135/2011) во практиката се покажаа дека има потреба нормативно да се уреди правото на поднесување на жалба на решенијата за доделување на ученички стипендии. Ова е и заради усогласување со Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, според кој Државната комисија надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон.

Имено, во досегашните постапки за доделување на ученички стипендии, правото на жалба се остваруваше пред Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во управни работи во втор степен од областа на образованието. Со престанувањето на оваа комисија и со основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, се покажа потреба од нова одредба во Законот за ученичкиот стандард, со која ќе се регулира правото на поднесување на жалба на решенијата за доделување на ученички стипендии.

1.Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Со член 1 од Предлог на Законот за дополнување на Законот за ученичкиот стандрад нормативно се уредува дека ученикот, односно неговиот родител, кој е незадоволен од решението за доделување на ученичките стипендии да може да поднесе жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен одлучува по поднесената жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

2.Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

**Министерството за образование и наука, здруженија на ученици.**

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

   **Податоци од Министерството за образование и наука за направените анализи за бројот на доделените стипендии и бројот на поднесените жалби, како и во кои рокови е решавано по жалбите за доделени/недоделени стипендии.**
2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

   /
3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

   **Потребна е Иницијална проценка на влијание на регулативата.**

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

   **Во работната група формирана од министерот за образование и наука учествуваа претставници од Министерството за образование и наука, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и здруженија на ученици.**

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**

(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

<u>В. Временска рамка</u>

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

   **Активностите за проценка на влијанието на регулативата се започнати од март 2012 година, кога и се формира и работна група задолжена за изготвување на Предлог законот.**

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?
   **не се планирани ангажирања на надворешни експерти**

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?
   **декември, 2012**

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

**Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард не предизвикува фискални импликации.**